**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 декември 2004 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и г-да пратеници ја отворам 84-та седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Зоран Крстевски, Стојан Андов, Игор Ивановски, Трифун Костовски, Кенан Хасипи, Никола Груевска, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Тито Петковски, Али Ахмети, Абдулаким Адеми, Гзим Острени и Џезаир Шакири ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата од системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пристуните пратеници во салата.

Во салата се присутни 71 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлог одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество на мировна опарација во Ирак.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Г-дине Караџоски повелете процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе пред да го ставите вашиот предлог на гласање за да не се дополнува дневниот ред, јас би сакал да ве известам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе предлог за дополнување на дневниот ред со уште една точка. Меѓутоа со оглед на тоа што уште не е дистрибуирана, а и немаме

претставник на Владата тука, барам еден час пауза за да се достави материјалот до пратениците.

Тоа право деловнички го имаме и ве молам да го испочитувате тоа што го барам затоа што мислам дека е важна точката со која бараме да се дополни дневниот ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Информацијата е поделена, еве тука ја имаме. Незнам дали е поделена до пратениците.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ако е поделена во ред, меѓутоа кај нас ја нема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе почекаме да се подели.

Информацијата е доставена во 10,55 часот. Мислам дека таква несериозност не се прифаќа. Ако сте имале намера да поднесете информација сте можеле тоа да го направите барем два часа пред тоа. Во 10,50 часот е поднесена во архива.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, дали има намера или не, дали е сериозна, ние имаме деловничко право и заради тоа барам еден час пауза и мислам дека тоа неможете да ни го ускратите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не давам пауза еден час. Јас ќе причекам да се подели оваа Информација.

Ги молам службите во меѓувреме да го повикатаат претставникот на Владата во врска со точката од дневниот ред.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Вие не можете да го ставите дневниот ред на гласање додека не дојде ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема да го ставам. Ја чекам информацијата да дојде. Информацијата ќе се подели за 10-15 минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Дајте тогаш 10-15 минути пауза  Што ќе чекаме овде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате 15 минути пауза.

(по паузата седницата продолжи со работа во 11,25 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници, пратеникот Ѓорѓи Трендафилов предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за безбедносната состојба во Кондово.

Информацијата ви е поделена.

Го молам пратеникот Ѓорѓи Трендафилов да ја образложи итноста и неодложната потреба оваа Информација да биде разгледана на оваа седница.

Повелете г-дине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам г-дине Јордановски.

Македонската јавност, повеќе од периодот што е наведен во Информацијата, е сведок за нарушената безбедносна состојба во поширокиот регион на главниот град на Република Македонија.

Сакам да потсетам дека во оној период пред 7-ми ноември кога практично сите политички партии во Република Македонија беа ангажирани во контекст на престојниот референдум за територијална организација, без оглед каков став заземале, тие информации почнаа да се појавуваа уште тогаш и ние од тој момент до ден денес, значи станува збор за период повеќе од два месеци, во тој период не добивме никакво навестување дека Владата на Република Македонија,. особено надлежните министерства имаат преземено одредени активности со цел таа состојба да биде ставена под контрола.

Секому овде му е јасно дека апсолутнол е неприфатливо јавното манифестирање на една група луѓе во регионот на Кондово и пошироко, јавно манифестирање и демонстрирање на сила. Евидентно е постоењето на една или повеќе парамилитантни групи, евидентно е дека тие имаат еден систем на командување и со цел да се одбегнат понатамочните чпекулации и во Собранието и во јавноста, мислам дека Собранието на Република Македонија е најсоодветното место каде ние како пратеници можеме да ги спротиставиме информациите со кои располагаме, а се со цел да излеземе со јасна претстава што се се случува таму и што ние како држава имаме преземено.

Во Информацијата е наведено, а станува збор за месец октомври дека некои од нас пратениците, без оглед дали сме членови на Комисијата за одбрана, располагаме со информации кои,за жал, досега поради начинот на кој функционираше Владата, сега веќе Влада во оставка, не успеавме да добиеме нивна верификација дали тие информации со кои ние располагаме се вистинити или не се вистинити. И од граѓани и од припадници на нашите безбедносни служби

доаѓаат информации дека во регионот на Кондово постојат утврдени минофрлачки позиции, дека постојат ровови, одбранбени фортификациони единици дека некаде во средината на октомври пред јавноста, пред полициските единици или припадници на МВР кои биле стационирани околу селото Кондово, е извршено дури и некакви официјални маневри со гаѓање и сето тоа било видливо за луѓето кои живеат во Кондово или околу Кондово.

Поради тие причини и поради начинот на кој Собранието досега функционира, овие информации ќе бидат и понатаму присутни во јавноста, на еден или на друг начин, ја ставивме оваа точка како дополнување на дневниот ред затоа што денешната седница не е обемна со прашања, а ние немаме друга можност, а се поклопува можеби и барањето за свикување на денешната седница, можеби е и тесно поврзана со она што се случува сега, затоа што ние како држава се грижиме и учествуваме во мултинационалните сили кои се ангажирани и стационирани во Ирак, мислам дека е повеќе од умешно, повеќе од соодветно една ваква информација да се најде на дневен ред на денешната седница затоа што од друга страна би било илузорно ние да се грижиме за редот и безбедноста надвор од нашата земја, а додека за редот и правниот поредок на сопствената земја да се обидуваме некои работи да ги заташкаме.

Во Информацијата е наведено дека одредени припадници на безбедносните сили во Република Македонија. тука пред се мислам на одредени лица кои се вработени во Министерството за одбрана и АРМ и во МВР, имаат тесна комуникација односно координација со она што се случува во Кондово, но таа координација не е во насока да се смири ситуацијата односон таа координација е повеќе во насока, најверојатно според она што ние го знаеме е во смисла да се оневозможи секакво дејствување од страна на силите на јавниот ред и мир во Република Македонија.

Од тие причини, сосема умесно, Собранието на Република Македонија, особено што на дневен ред имаме точка за испраќање на наши војници во друга држава, да дискутираме и за она што се случува во нашата држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, Информацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 83 пратеници, 21 гласале за предлогот, еден воздржан и 61 гласале против предлогот.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, 67 гласале за, еден воздржан, 8 гласале против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот предлог на дневен ред:

1.Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, 71 гласале за, двајца воздржани и двајца против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на теочката од дневниот ред: **Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак**

Предлогот на олката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 73 гласале за, еден воздржан,нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество на мировна операција во Ирак.

Бидејќи дневниот ред е исрпен, ја заклучувам 84-та седница на Собранието на Република Македонија .

Седницата заврши во 11,30 часот.